# REFORMA OBAVJEŠTAJNIH SLUZBA - PROCESS KOJI NIKADA NE PRESTAJE

**Vonr.prof.dr. Ferdinand Odzakov, email: fodzakov@gmail.com**
**Vonr.prof.dr. Atanas Kozarev**
Fakulet za detektive i kiriminalistika, Skoplje

**Sažetak:** Kao jedna od dve najstarije profesije, obaveštajna delatnost je konstantni pratilac ljudskog postojanja od najstarijih vremena do danas. Menjali su se uslovi za život, menjale su se i pretnje koje mogu ugroziti egzistenciju ljudi, pa u korak sa tim promenama, menjala se, odnosno reformisala obaveštajna delatnost da bi mogla biti od koristi donosiocima odluka u procesu pravilnog sagledavanja pretnji koje se javljaju kao izazov. Kao što se živi organizmi, u cilju opstanka, konstantno prilagođavaju i modificiraju kroz vekove, tako i obaveštajne sluzbe, da bi mogle biti uspešnije u odnosu na pretnje, ne smeju biti nefleksibilne, već moraju uvek biti prilagodljive, a adekvatne reforme upravo to omogućavaju.
**Klučne riječi**: obavještajne sluzba, pretnje, reforme.

# REFORMS OF THE INTELLIGENCE SERVICES – A PROCESS THAT NEVER STOPS

**Abstract:** As one of two oldest professions, intelligence has been a constant companion of human existence from the earliest times to the present. The living contions were changing , the threats that could threaten the livelihood of the people were changing, and in line of those changes the intelligence was changed as well, or reformed, so that could help decision-makers to properly understand the threats arise as a challenge. Just as living organisms are constantly adapting and modified over the centuries to survive, so too are intelligence services to be able to achieve a success in dealing with threats, they must not be inflexible, but must be constantly adaptable,and appropriate reforms that's what they make it.
**Keywords:** Intelligence services, threats, reforms

## 1. ВОВЕД

Со постојанота еволуција на човековото општество, како што во рамките на еволуцијата на животинските и растителните видови тие што не се модифицираат и прилагодуваат со текот на времето изумираат, така и државите, како што настануваат, така и пропаѓаат исчезнувајќи од политичката и историско-географската карта, во случај да не успеат да им се прилагодат и воедно им се спротивстават на заканите со кои постојано се соочуваат.

Соочен со различни закани во текот на своето постоење, човекот настојувал однапред да дознае нешто за нив...На самите почетоци, противници на опстанокот на човекот биле природните непогоди (поплави, пожари, силни врнежи, сушни периоди, силни ветрови и секако она што од сите нив произлегува: болести, глад, смрт)..За нив тогаш , како и за човекот денес, уште поразорна е неизвесноста произлезена како резултат од незнаењето за тоа што со себе носи утрешниот ден, за некоја подалечна иднина и да не зборуваме. Оттаму, воопшто не треба да чуди што уште од најстари времиња за луѓето било очигледно дека знаењето претставува моќ, а имањето знаење кое што во некои понови времиња, кога човекот на човека му станал најголем

непријател, кое што противникот/другиот човек не го знае, претставува уште поголема моќ, односно сила.

Затоа и во тие најстари времиња, оној за кого се знаело дека поседува големо знаење, особено за иднината, за она што се случува во потесното и поширокото окружување, поседувал голем углед и бил почитуван од сите..И не само тоа, туку и бил поставен на многу висока скала во хиерархијата на заедницата, веднаш до поглаварот, водачот, кралот...

Во денешно време, она што може да се случи поради неквалитетното работење на разузнавачките служби (или неискористувањето на информациите добиени од работењето на разузнавањето), за своја последица може да има смрт на илјадници, па дури и милиони, најверојатно сосема недолжни луѓе. Како што за грешките на лекарите велат дека " земјата ги покрива нивните грешки, " истото може да се каже и за грешките на разузнавачите. Иако за волја на вистината, не е мал ниту бројот на случаите кога разузнавачите сосема коректно си ја завршиле својата работа, обезбедиле навремени, целосни и точни информации дека одредена земја ќе изврши агресија на нивната татковина, но политиката (односно доносителите на одлуки ) останале потполно глуви на тие предупредувања, не наредиле активирање на одбранбените капацитети на државата, па следувала смрт на илјадници, па и милиони луѓе, како што е случајот Рихард Зорге навремено го известил Сталин дека нацистичка Германија ќе изврши напад на СССР, но тој не сакал да поверува во тоа.

Со развојот на човештвото се менувале и заканите...Создавањето на државите како облик на заедничко живеење на одредена групација луѓе, здружена на одредена територија, ја создало можноста безбедноста на истата таа држава , а со тоа и нејзиното постоење, да биде загрозена од некоја друга држава, која во загрозувањето на првата, препознала некој свој интерес, сеедно дали станува збор за територија, природно богатство или нешто сосема трето. Со тек на времето не било доволно да се поседува само силна Армија, војска, за да се биде способен да се одбрани сопствената земја од агресија од надвор.. истото се однесувало и за случаите кога одредена држава планирала да нападне некоја друга. Неопходно било да се располага со служба која ќе треба да собира информации за капацитетите на противникот и истите да ги доставува до надлежните авторитети, сеедно дали доносители на одлуки се командантите на боеното поле или политичките авторитети. Секако , станува збор за разузнавачките служби.

Историјата на човештвото е всушност историја на војни, а војните се незамисливи без присуството на разузнавачките служби. Имајќи предвид дека војните еволуираат, сосема истото може и треба да се каже и за разузнавачките служби. Да потсетиме: долго време војните биле ништо друго туку состојба кога се судираат вооружените сили на две или повеќе завојувани страни. Едноставно, во одредено време на одредено место се случува судир на двете војски, некогаш, како што тоа било случај во Средниот век, дури и само една битка, и веднаш се знае победникот. Жртвите се броеле само во редовите на војските, честопати цивилното население не трпело никакви реперкусии, што драматично се променило дури со почетокот на Втората светска војна, кога цивилните жртви се броеле во милиони и биле многукратно поголеми од бројката на загинатите војници. По Втората светска војна, иако речиси и да немало ден без војна (да потсетиме на војните во Кореја, Виетнам, Арапско-Израелските војни, Авганистан, судирите во поранешна Југославија, Ирак, Сирија...), сведоци сме дека безбедноста ја загрозуваат и друг вид закани, а пред се тероризмот и организираниот криминал.

Сеедно дали станува збор за конвенционалниот вид војна (кога се противници вооружените сили на двете завојуваните страни), или закана претставуваат тероризмот и организираниот криминал (па дури и супер хибридната закана, нарко-тероризмот), во првите редови на одбраната , па дури и длабоко на територијата под контрола на противникот секогаш се наоѓаат разузнавачите, чиешто работење постојано се модифицира, а разузнавачките служби како нивни работодавачи непрекидно се реформираат со цел да бидат што е можно поефикасни во обидите да го надмудрат, а потоа и поразат непријателот. И на тој начин да обезбедат поголема сигурност која претставува “посебна општествена појава која има свои корења, причини, своја историја и манифестира одредено влијание во зависност од околностите и приликите, во разните сфери на животот – економска, политичка, правна, воена, морална, културна.”[228]Токму за ова постојано реформирање на разузнавачките служби ќе стане збор во овој труд.

## 2. ЕВОЛУЦИЈАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО–ПОСЛЕДИЦА НА ЕВОЛУЦИЈАТА НА ЗАКАНИТЕ

Пред да ја разгледаме релацијата меѓу разузнавањето и заканите, најпрвин по неколку збора за за двата термина одделно.

За да ја сфатиме природата на разузнавањето, ќе се навратиме на Сун Цу, кој и денес, на крајот на втората деценија на 20.век, е мошне актуелен и кој во своите дела особено внимание му посветил токму на разузнавањето. Кога станува збор за тоа однапред да се предвиди одредена состојба, можноста да се појави одредена закана, се поаѓа од желбата да се контролира или разбере она што го придвижува барањето за предвидливост, кое е особина карактеристична низ историјата, од најстарите времиња, па се до денес. Сун Цу рекол:” Она што се нарекува знаење однапред не може да биде извлечено од духови ниту од богови или, по аналогија со минатите настани ниту од калкулации. Мора да се добие од луѓе коишто ја познаваат ситуацијата на непријателот[229].”

Разузнавањето не е така едноставно, ниту пак може во кратки црти да се дефинира. Дефинирањето на разузнавањето е во извесна мера донекаде проблематично, имајќи ги во предвид широкиот спектар на интереси што разузнавањето ги покрива. На основно и безопасно ниво, разузнавањето би можело да се дефинира едноставно како процесирана информација[230]. Може да биде и поспецифично, опишувајќи го како “ знаење и анализа осмислени да помогнат акција.[231]” Во својот најагресивен облик, разузнавањето се опишува како “ продолжување на војната со тајно мешање на една моќ во работите на друга[232]”

Објективно набљудувано, наведениве дефиниции се премногу тесни, па оттаму и прашањето дали разузнавањето претставува наука, институција, информација, или едноставно вид на занает.

[228] Pajević M., Savremene obavještajne teorije, Logos, Mostar, 2013 godina, str. 35.
[229]Sun Tzu, The Art of War,превод на англиски од Samuel B. Griffith, Oxford University Press, New York and Oxford, 1963, p. 145
[230] Томас Квигин, Да се види невидливото, МАГОР ДОО, Скопје, 2007, стр.48.
[231] Исто, стр. 48.
[232] Derian, Der James, “ , Anti-Diplomacy, Intelligence Theory and Surveillance Practise in Intelligence and National Security”…

Шерман Кент, во своето дело од 1949 година кое го посветил на стратегиското разузнавање, го утврдил разузнавањето како повеќестран потфат.[233] Според Кент, разузнавањето има три главни атрибути: облик на знаење, облик на организација и облик на активност. Оваа широка дефиниција ја доловува природата на разузнавањето и многуте различни видови институции и луѓе коишто се вклучени во него.[234] Разузнавачкото работење најбрзо и најлесно се согледува преку разузнавачкиот циклус, кој во себе ги содржи четирите фази, без кои разузнавањето воопшто не може да се замисли : планирањето, прибирањето, обработката, анализата и десеминацијата/дистрибуцијата до крајните корисници.[235] Пред да посветиме внимание на заканите, без чиешто постоење не би ни имало потреба од постоење на разузнавачки служби, уште еднаш да се потсетиме на секогаш актуелниот Сун Цу, кој изјавил дека " оние кои што ги познаваат своите непријатели толку добро како што се познаваат себеси, никогаш нема да бидат поразени[236]"

Да потсетиме: во текот на своето постоење, низ стотиците векови, човекот е постојано окружен со најразлични видови закани. На почетокот, тоа биле само природните непогоди..Потоа следувале посилните животни се додека човекот конечно не се изборил за највисокото место во хиерархијата на животинскиот свет. Следувала борбата со други групи луѓе за подобро парче земја, подобри пасишта, побогати ловишта. Војната речиси природно му станала секојдневие, но и смртоносни болести исто така..сето наведено лека полека станувало закани од човекот повеќе или помалку се плашел, бидејќи не само што го загрозувало неговото нормално секојдневие, туку во одредени околности и неговиот гол опстанок. Секако, не го плашела толку смртта, колку што го плашела неизвесноста поради тоа што не знаел многу за заканите. Ниту зошто тие настануваат, а уште помалку кога тие ќе се случат.

Во оваа прилика нема да елаборираме и им посветиме внимание на заканите од редот на природните непогоди и смртоносните болести, и покрај тоа што и во денешно време за своја последица можат да имаат стотици илјади човечки жртви (земјотресот во Скопје во 1963, земјотресот во Истанбул во 1999 , цунамито во Индонезија во 2004 година, ураганот " Катрина" во Луизијана, САД во 2005, земјотресот пропратен со цунами во Јапонија, епидемиите на ебола и птичји и свински грип и многу други).

Пред се , што е тоа закана? Заканата може да се дефинира на најразлични начини, од аспект на разузнавањето може да се дефинира вака : Заканата претставува можност еден поединец или група да изведе, сеедно случајно или намерно, постапка што искористува некоја ранливост.[237] Секако, кога ќе се каже за нешто дека претставува закана (во случајов за националната безбедност), тоа не значи по автоматизам дека таа закана и ќе се реализира. Она што е важно , а е поврзано со разузнавањето е , разузнавањето конкретната закана како таква да успее да ја детектира и на доносителите на одлуки во државата (одлучувачите, доносителите на одлуки) да им укаже дека е потребно да бидат направени одредени превентивни мерки, благодарение на кои

[233] Кент, Шерман, Стратегиското разузнавање за американската надворешна политика, Принстон Њу Џерси, Princeton University Press, 1949, стр.VII.
[234] Томас Квигин, цит. труд, стр. 49.
[235] Intelligence Services, DCAF Backgounder, 03/2006, преземено од сајтот www.dcaf.ch/bg-intelligence-services1.pdf
[236] Сун Цу, Вештина на војувањето, Издавачка куќа Штрк, Скопје, 1996, стр.19
[237] Томас Квигин, цит. труд, стр. 25.

определени институцставии (детерминирани од видот на заканата, или заканите), би ги зајакнале своите капацитети за спротивставување на истите. Овде ја забележуваме превентивната улога на разузнавањето, во однос на заканите.

Во исто време, како што разузнавањето треба да ги детектира заканите за безбедноситета, во исто време треба да придонесе и за детекција на потенцијалните слабости, т.е. ранливи точки на сопствените одбранбени капацитети, имајки предвид дека потенционалниот извор на закана (олицетворен во непријателски вооружени сили, терористичка организација или криминална група), ќе сака и ќе настојува да ја искористи токму таа наша “ ранлива точка.”

Како што низ вековите се менуваат условите за живот, окружувањето, се зголемува отпорноста/имунитетот кон одредени болести..така одредени животински видови изумираат или преживуваат. А преживуваат затоа што успеале да се прилагодат, така што успеале самите себеси да се прилагодат и модифицираат, сеедно дали е тоа само во некој сегмент од нивното однесување, или пак морала и нивната генетика да претрпи одредени промени. Така и кога станува збор за државите, па дури и цивилизациите во целина.. Оние држави и народи кои успеале да им се спротивстават на заканите, тие и опстанале . Во спротивно, исчезнуваат државите, нивните државни граници, па дури и нивната популација, во помала или поголема мерка. А се тоа се случило во релација со нивната способност да ги детектираат нивните закани и на истите со помал или поголем успех да им се спротивстават. Таа нивна способност за справување со заканите во тесна врска е поврзана со способноста на нивните разузнавачки служби да се прилагодат на еволуцијата на заканите, со што навремено ќе успеаат истите да ги препознаат и детектираат, а во голем број случаи токму тоа е потешкиот дел.

## 3. РЕФОРМИТЕ НА РАЗУЗНАВАЊЕТО КАКО ОБЛИК НА НЕГОВАТА ЕВОЛУЦИЈА

Како што е тоа случај во приватниот живот на луѓето, каде што не постојат вечни, постојани пријатели и вечни непријатели (противници), истото се однесува за меѓусебните релации меѓу државите. Ќе прикажеме неколку примери.

За време на Втората светска војна, непријателски држави на Соединетите Американски Држави се Германија, Италија , Јапонија и нивните сојузници/сателити. Советскиот Сојуз во тие години им е сојузник на САД. Следствено на тоа, примарна цел на разузнавачките служби на САД во тоа време е прибирање информации за воените капацитети на наведените земји. Но , тоа не траело засекогаш. По Втората светска војна, започнува периодот во кој започнува т.н Студена војна, во која поранешните нацистичко-фашистички држави стануваат исклучително блиски сојузници на САД, што званично се официјализира со создавањето на НАТО во 1949 година. Сега веќе разузнавачките приоритети на американските разузнавачки служби стануваат сите оние информации (воени, политички, економски), кои се однесуваат на Советскиот Сојуз и неговите сојузници собрани во рамките на Варшавскиоо договор, официјализиран во 1953 година. Отприлика во исто време со поделбата на светот согласно интересите на двата воено-политички блока (НАТО и ВД), се појавуваат три глобално мошне значајни и исклучително опасни подрачја, каде во поголема или помала мерка можеби директно и не беа спротивставени конвенционалните воени капацитети на САД и СССР, но нивните разузнавачки служби секако беа. Тука пред се мислам на војната во Кореја, Првата Арапско-Израелска војна и издвојувањето на Пакистан од Индија.

Разузнавачките служби на двата глобални играчи (САД и СССР) беа на меѓусебно спротивставените страни во речиси сите кризни подрачја во светот. Ќе потсетиме и на случувањата во Унгарија 1956, кризата во односите меѓу САД и СССР на Куба на почетокот на 1960-тите која за малку ќе резултираше со Трета светска (нуклеарна) војна, Виетнам и каде се уште не..

Со јакнењето на ослободителните, антиколонијални ослободителни движења, лека полека , првин на локално, а потоа и на регионално и глобално ниво се појавија и многу екстремни организации, од кои некои слободно можеме да ги наречеме и дека се терористички. Првин како " тврди", екстремни крила на умерени ослободителни движења, а потоа и како самостојни терористички групи од кои стравуваше светската јавност од почетокот на 1970-тите, па се до денес. Како за пример, ќе ја споменеме палестинската организација Ал Фатах предводена од легендарниот Јасер Арафат, која поради фактот што не била доволно екстремна според вкусот на некои палестински борци, предизвикала да се создадат на глобално ниво значајните терориситички организации Хамас и Хезболах.

Не е никаква тајна дека разузнавачките служби на Советскиот Сојуз ги помагале палестинските вооружени групи (сседно дали го имаат епитетот терористички или не). Исто како што ги помагале Сендеро Луминосо и ФАРК во Јужна Америка.

Тоа значи дека разузнавачките капацитети на САД и нивните сојузници, за сето време не само што биле на првата линија на судирот со Советскиот Сојуз, туку и во обидите да се справат со терористичките организации.

Создавајќи разузнавачки мрежи/структури длабоко на територијата на противникот (САД на територијата на земјите членки на ВД, а СССР на територијата на земјите членки на НАТО, па дури и во "срцето " на Вашингтон[238] , разузнавачките па и политичките авторитети, пред се, на САД, ги сфатиле следниве моменти: прво, дека е можно извршувајќи разузнавачки пробив кај противникот, да се обезбедат квалитетни разузнавачки информации не само за конвенционалните туку и за нуклеарните воени капацитети на противникот; второ, кое е мошне блиско и поврзано со првото, дека тие информации и не придонесуваат многу за победа во евентуална Трета светска војна , бидејќи во услови на конвенционален воен судир, е речиси невозможно да се поразат стотиците тенковски дивизии. Од друга страна, и во услови на меѓусебен нуклеарен судир, дури и со претпоставка дека САД први би го употребиле нуклеарното оружје, Советите сеуште ќе бидат во можност на ист начин (со нуклеарно оружје), да возвратат, па е сосема сигурно дека во такви услови тешко дека некоја од двете страни би можела да се нарече дека е победник.

11.септември 2001 беше датумот кој драматично налагаше разузнавачките служби на глобално ниво да започнат со сериозни реформи, како во однос на своите структури, начин на делување, така и при дефинирање на своите разузнавачки

[238] Антологиски се советските разузнавачки пробиви во највисоките политичко-разузнавачки кругови на Велика Британија, Западна и Германија, па и во самиот врв на ЦИА (Аферата Профјумо, со британскиот министер за одбрана; Шпионската четворка во Кембриџ, пробивот во кабинетот на Западногерманскиот премие Вили Брант и, од релативно најнов датум, откривањето дека високо позиционираниот службеник на ЦИА Алдриџ Ејмс со години им продавал доверливи документи на агентите на КГБ. Голема штета на Советските интереси им правеа пребегувањата на нивните агенти на запад, најчесто во САД, носејќи со себе документи за шпионските мрежи на КГБ во Западните земји, пред се во САД.

приоритети. Првата причина за тоа е мошне едноставно: имајки предвид дека прибирањето разузнавачки информации за конвенционалните противници/непријатели е релативно можно, и со тоа полесно, а справувањето со гломазните конвенционални (овде пред се мислам на тенковските потенцијали на СССР) и нуклеарни капацитети , а справувањето со истте е речиси невозможно, кога станува збор за борбата против тероризмот состојбата е дијаметрално спротивна : речиси е невозможно да се изврши разузнавачки пробив директно во редовите на терористичките организации, но доколку тоа се направи, е лесно справувањето со терористите (типичен пример: лоцирањето и ликвидацијата на Осама Бин Ладен). Едноставно кажано, справувањето со современите безбедносни закани (тероризмот и организираниот криминал) не е можно со доктрините од почетокот на 1940-тите до почетокот на 1990-тите, кога беснеше фашизмот и светот беше поделен на два воено политички блока.

## А. РЕФОРМИТЕ ВО РАЗУЗНАВАЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА САД

Справувањето со конвенционалните воени сили на потенцијалниот непријател е една работа. Борбата против тероризмот и организираниот криминал нешто сосема друго. Колапсот на авторитетот на разузнавачката заедница на 2001 година беше резултат на пред се, постоењето “ нездрава” конкуренција меѓу одделните разузнавачки служби (пред се ЦИА од една, и разузнавачките служби кои постојат во рамките на министерството за одбрана на САД, во прв ред ДИА (Defense Intelligense Agency) и НСА (National Security Agency). Водејќи се од амбицијата пред претседателот и Конгресот на САД да се наметнат одделно со ореолот на “ најдобра и најефикасна разузнавачка служба” во САД, и со тоа се изборат за поголем буџет “ од парите на даночните обврзници,” многу често американските разузнавачки служби една од друга релевантни разузнавачки информации, кои веројатно, да биле повеќе споделувани, можеби и ќе успееле да го спречат она што се случи на 11.септември 2001 година. Поткрепа на тоа е фактот што дури отпосле, откако овој настан се случи излезе во јавноста дека секоја од разузнавачките служби на САД одделно имала, односно поседувала по некоја коцка од сложувалката наречена “ терористички напад од 11.септември 2001 година,” која доколку била споделена со другите разузнавачки служби ќе овозможела да се создаде сликата дека нешто се планира да се случи на територијата на САД, и дека сосема веројатно уште во планирачката фаза ќе било спречено. А тоа е всушност најпосакуваната цел на секоја разузнавачка служба во светот: уште во планирачката служба да го спречи непријателот да ги реализираат активностите што ќе доведат до загуба не само на голем број човечки животи (кои се ненадоместливи, макар бил изгубен само еден човечки живот, туку и голема материјална штета.

Речиси пет децении во рамките на разузнавалката заедница на САД, директорот на ЦИА ја имаше улогата на “прв меѓу еднаквите” во однос на директорите на останатите разузнавачки служби во САД, со што , на некој начин, индиректно беше за нијанса во повластена положба во однос на разузнавачките служби на министерството за одбрана. Во текот на годините во Втората светска војна директорот на ЦИА Ален Далс (1953-1961) се изборил Министерството за одбрана на САД да не добие контрола врз клучните прашања и програми за прибирање и анализа на разузнавачките податоци, со што директорот на ЦИА како што веќе погоре наведов , не само што раководел со ЦИА, туку и бил главен координатор на работата на сите разузнавачки служби во оваа држава. Како дел од реформите на разузнавачката заедница на САД после настаните од 2001 година, “Конгресната заедничка истрага и Националната комисија за терористички

напади врз Соединетите Американски Држави го разгледале прашањето за реорганизацијата на разузнавањето и препорачале создавање на (институцијата) директор за национално разузнавање (ДНИ) со две главни области на одговорност: (1) следење на националните разузнавачки центри во врска со специфични прашања од интерес на севкупната власт на САД, и (2) менаџирање на националната програма за разузнавање и следење на службите што придонесуваат кон неа. "Откако беа расчистени одредени противења на Пентагон, како и на претседавачоат на Внатрешниот Комитет на оружените сили и постигнувањето компромис на 6 декември 2004 година, конечно бил расчистен патот за востановување директор за национално разузнавање, кој пред се има координативна улога во работењето на разузнавачката заедница на САД, при тоа немајќи директно под себе организациони единици овластени да прибираат разузнавачки информации. Она што е во оваа прилика интересно да се наведе е тоа што директорот има значителни овластувања во однос на развивањето и одредувањето на буџетот на Националната програма за разузнавање, осигурување на извршувањето на буџетот и да го надгледува неговото исполнување; ДНИ може и да префрла кадар на Разузнавачката заедницаза период до две години, без согласност на раководителот на службата или одделот (согласност што своевремено директорот на ЦИА како координатор на разузнавачката заедница требал да ја добие); ДНИ го менаџира и насочува доделувањето задачи за национално разузнавање , како и прибирањето, анализата, произведувањето и распространувањето (дисеминацијата)...така што ќе одобрува барања и ќе разрешува конфликти. Во однос на надлежностите на заменикот на ДНИ, потребно е да наведеме дека е одговорен за координирање на прибирањето разузнавачки информации на целата Разузнавачка заедница. Овој заменик има четири помошници –заменици: за стратегии во прибирањето, за HUMINT (човечко разузнавање), за отворени извори и за технички средства. Заменикот ДНИ особено е одговорен и за следење на активностите во добивањето информации-особено активностите во добивањето информации со сателитско извидување-на Разузнавачката заедница.[239]

Останува времето да покаже дали и колку ќе бидат успешни реформите направени во рамките на Разузнавачката заедница на САД по 11 септември 2001, направени пред се поради јакнењето на тероризмот како главна локална, регионална и глобална закана во 21.век, особено кога се случува јакнење на воените капацитети на Руската Федерација, а хипотетички Северна Кореја, Иран и во поново време Венецуела, се наоѓаат на листата на разузнавачките приоритети на водечката сила на НАТО, која моментално е сеуште и единствена супер-сила.

## Б. РЕФОРМИТЕ ВО РАЗУЗНАВАЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА .МАКЕДОНИЈА

"Настанокот и развојот на концептот на реформа на секторот за безбедност, изворно се диктирани од радикалните и далекусежни промени во локалното, регионалното и глобалното безбедносно опкружување. Наведените промени, биле повеќекратно детерминирани, а со ти одредени од конктените-историски обележја на поедини држави и региони."[240]

[239] Џефри Т.Ричелсон, Разузнавачката заедница на САД, МАГОР ДОО, Скопје, стр. 452-454.
[240] Козарев А., Контрола и надзор над безбедносниот сектор во Република Македонија, СКопје, 2017 година, стр. 74.

Изминативе нешто повеќе од две децении се одликуваат со турбулентни процеси во регионот на Западен Балкан, пред се поради војните кои што се случија на територијата на поранешната СФРЈ.. Постконфликтната ситуација, градењето мир и градењето стабилни и силни држави произлегоа од наведените вооружени конфликти. Разузнавачките служби на земјите од нашиот регион имаа водечка улога во спротивставувањето на заканите во сосема новото безбедносно окружување. Македонија е секако еден од регионалните фактори кои што имаат позитивен придонес во новото безбедносно окружување. Геополитичката ситуација во регионот на Западен Балкна е драстично променета, имајќи предвиде дека од дисолуцијата на СФРЈ настанаа седум нови држави, вклучувајќи го и Косово. Колективното сеќавање на постоењето на СФРЈ е сеуште свежо, така да некои од политичките, воените па и разузнавачките лидери во земјите од нашиот регион и денеска се сеуште на водечките позиции во земјите од произлезени од поранешната СФРЈ. Во исто време, оперативното окружување постојано се менува, меѓу другото и поради фактот што Словенија, Хрватска и Црна Гора се веќе членки на НАТО, а до полноправното членство Македонија ја делат само неколку месеци.

Сите овие процеси и случувања имаа значајна улога во создавањето успешен и квалитетен разузнавачки процес. Разузнавачката заедница на Република Северна Македонија (сочинета од Агенцијата за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање како организациона единица на Министерството за одбрана и Воената служба за безбедност и разузнавање, како организациона единица на Министерството за одбрана) искуси одредени пропусти на полето на спротивставувањето на одредени безбедносни закани, како што тоа беше случај со Западните земји. За Западните земји тоа без пропусти на полето на борбата против тероризмот, а во случајот со Република Северна Македонија, тоа беше начинот на кој што разузнавачките служби, па и комплетно државата во целина, му се спротивстави на модифицираното бунтовништво.[241]

Од точка на гледиште на аналитичарите, пропустите на Разузнавачката заедница на кај нас без еминентни. Денешните, или современите закани, како и да е, предизвикуваат големи последици . Најчесто тие (заканите) за своја последица имаат драстични промени во структурара на државите. Добар пример за тоа токму нашата земја, кога поради конфликтот во 2001 година, со цел конфликтот да биде решен, со посредништво и под притисок на меѓународната заедница дојде до потпишување на Охридскиот Рамковен Договор, согласно кој беа направени интервенции во Уставот. Разузнавањето мора да биде непристрасно и реалистично, за да можат доносителите на одлуки да донесат одлуки кои ќе ги обезбедат националните интереси на земјата. Секако дека сите овие политички промени имаа сериозен импакт врз разузнавањето, но допрва следуваа други области кои требаше да бидат поправени, што и се случуваше суксесивно во периодот од 2016 до 2019 година, но за тоа во продолжение на овој труд. За жал , и покрај евро-интегративните процеси кои се повеќе напредуваат во нашиот регион, одвреме навреме сеуште се присутни одредени “ искричења” во меѓусебните односи на Балканските земји[242]. Последната деценија од развојот и реформата на безбедносниот сектор, како дел од реформата на целокупниот систем, општествено-политичкото и

[241] Ferdinand Odzakov, Zoran Ivanov, Cooperation and Coordination Challenges Regarding Intelligence Sharing Processes-Macedonian Case, Intelligence and Combating Terrorism….p.237
[242] Ibid, p.244

економско уредување на транзициските држави, ја карактеризира појавата на еден важен сегмент во безбедносниот сектор – приватната безбедност.[243]

Како резултат на динамиката и промените во оперативното окружување и начинот на кој што Западните земји се справуваат со новите безбедносни закани (пред се тероризмот), Македонските авторитети одлучија да направат значителни промени/реформи во разузнавачката заедница. Два дена по завршување на конфликтот во 2001 година, Претседателот и Премиерот на Република Македонија потпишат Наредба која ги обврзува трите безбедносни служби/агенции кај нас (Агенцијата за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање и Воената служба за безбедност и разузнавање) редовно да разменуваат разузнавачки информации и на неделно ниво изработат заеднички безбедносно разузнавачки продукт за потребите на водечките авторитети во земјата, што навистина беше квалитетен чекор напред во меѓусебното регулирање на трите безбедносно-разузнавачки институции[244]. Ова овозможи да се здружат нивните капацитетите во однос на спротивставувањето со безбедносните закани, а воедно и да споделуваат и разменуваат разузнавачки информации доколку е тоа потребно, а што било детектирано дека не било секогаш случај во минатото, а особено не за време на конфликтот во 2001 година.

Нов безбедносен предизвик за Република Северна Македонија беше политичката криза која започна по одржувањето на парламентарните избори во 2014 година, а која на крај резултираше со т.н. Пржински Договор на 2.јуни 2015 година.

Прва обврска во однос на реформата на разузнавачко-безбедносната заедница беше Управата за безбедност и контраразузнавање повеќе да нема пристап до опремата за прислушување, што резултираше со основање на Оперативно-техничката агенција, како независна институција потчинета на Владата, и истата започна со работа на 1.ноември 2018 година.

Втора обврска, ништо помалку значајна, во пракса значеше , Управата за безбедност и разузнавање (УБК) да се издвои од структурата на Министерството за внатрешни работи и да се етаблира како независна владина безбедносна Агенција, но сега по ново име , Агенција за национална безбедност, која званично како таква започна со работа на 1.септември 2019 година.

Паралелно со овие реформи во рамките на разузнавачката заедница на Република Северна Македонија, дополнителен квалитет во нивното работење ( како на полето на борбата против тероризмот и насилниот екстремизам така и во однос на спротивставувањето на делувањето на странските разузнавачките служби и прибирањето и обработката на разузнавачки информации од интерес на националната безбедност на нашата земја), донесе создавањето на институциите Национален координатор за спречување насилен екстремизам и броба против тероризмот, Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризмот и Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница.

Презентирајќи ги промените/реформите во рамките на разузнавачко-безбедносната заедница на Република Македонија, и покрај тоа што согледуваме дека

[243] Kozarev A., Privatna bezbednost u Republici Makedoniji – aktuelno stanje i perspective, Zbornik radova – Prvi međunarodni naučni skup: Privatna bezbednost – stanje i perspektive, Novi Sad, 2008 godina, str. 168.
[244] Ibid.

добар дел од нив се направени од политички причини, па дури и со влијание на меѓународната заедница (пред се Европската унија и САД), моја лична проценка е дека вака поставена како што е сега значително ќе биде зголемено работењето како на секоја од трите агенции одделно, така и на сите нив како разузнавачка заедница во целост.

Важно е, направените реформи ќе ја подобрат меѓусебната координација во работењето на трите агенции кои ја сочинуваат нашата разузнавачка заедница, а воедно и ќе ја олеснат меѓусебната размена на разузнавачко-безбедносни информаци , битни за зачувување на националната безбедноста на нашата земја.

## ЗАКЛУЧОК

Потребата да бидат направени реформи во работењето и структурата на разузнавачко-безбедносните служби во голем број случаи претставува консензус од трите најважни категории: политичките авторитети, разузнавачко-безбедносните експерти (сеедно пранешни или актуелни) и загрижените граѓани, кој што се сведува на следниве три значајни моменти:

- “во фокусирањето” на грешките/пропустите (на разузнавањето), критичарите многу често заборавaат на многубројните успеси кои истото тоа разузнавањето ги остварило во минатото (како што вели народот “ од дрвото не ја гледаат шумата). Следствено на тоа, доколку веќе се прават реформи,покрај тоа што се покажало дека е неуспешно и кое треба да се промени/реформира, не смее да се дозволи да “ настрадаат” оние елементи/сегменти кои остварувале и сеуште остваруваат добри резултати во работењето и треба да се направи се тие успешни елементи да бидат сочувани и не претрпат никакви негативни последици од промените/реформата. Едноставно кажано, не смее да се дозволи реформата повеќе упропасти или уништи отколку што ќе поправи.
- Многумина реформатори на разузнавачко-безбедносните служби го земаат во предвид само нивниот најнови скандал или пропуст/грешка, немајќи при тоа никакво знаење за разузнавачкиот процес кој се одвивал минатите една или две децении. При тоа, во исто време тие само решаваат одреден проблем/ пропуст кој само малку ја “изгребал површината”на угледот на определена разузнавачка служба, но кој сакаат да го искористат како повод за “копање подлабоко” во авторитетот, структурата и работењето на истата, со што штетата наместо да биде отстранета или намалена, ќе биде уште поголема.
- Секако дека разузнавачко-безбедносните служби треба да им служат на политичките авторитети ( но во интерес на државата и граѓаните, не во интерес на политичките партии !!!), но во исто време, многу е важно разузнавачите да бидат “ имуни” на корупцијата на доносителите на одлуки, во однос на тоа да ги штитат интересите на политичките партии, на штетата на државата и граѓаните, како што претходно наведов. Доколку тоа се постигне во пракса, разузнавањето ќе биде релевантно и влијателно, а не само слуга или народски кажано измеќар на интересите на политичките партии, на штета на државата и граѓаните”[245].

За жал, не секој ја препознава потребата разузнавачко-безбедносните служби што е можно повеќе да бидат заштитени и оддалечени од политичките/партиските влијание, бидејќи тоа е единствен начин разузнавачко-безбедносната заедница политички

[245] Richard K.Bets, Enemies of Intelligence,pp.2-3

неоптерена професионално да ја извршува својата дејност во интерес на националната безбедност на државата.

## Користена литература

[1] Козарев А., Контрола и надзор над безбедносниот сектор во Република Македонија, СКопје, 2017 година.
[2] Kozarev A., Privatna bezbednost u Republici Makedoniji – aktuelno stanje i perspective, Zbornik radova – Prvi međunarodni naučni skup: Privatna bezbednost – stanje i perspektive, Novi Sad, 2008 godina.
[3] Pajević M., Savremene obavještajne teorije, Logos, Mostar, 2013 godina
[4] Томас Квигин, Да се види невидливото, МАГОР ДОО, Скопје, 2007.
[5] Der, Derian , James. "Anti-Diplomacy, Intelligence Theory and Surveillance Practise in Intelligence and National Security" , Volume 8, Number 3, July, 1993 .
[6] Кент, Шерман, Стратегиското разузнавање за американската надворешна политика, Принстон Њу Џерси, Princeton University Press, 1949.
[7] Intelligence Services, DCAF Backgounder, 03/2006, преземено од сајтот www.dcaf.ch/bg-intelligence-services1.pdf
[8] Сун Цу, Вештина на војувањето, Издавачка куќа Штрк, Скопје, 1996 година.
[9] Џефри Т.Ричелсон, Разузнавачката заедница на САД, МАГОР ДОО, Скопје.
[10] Ferdinand Odzakov, Zoran Ivanov, Cooperation and Coordination Challenges Regarding Intelligence Sharing Processes-Macedonian Case, Intelligence and Combating Terrorism, Institut for Corporative Security Studies Ljubljana & Center for Civil-Military Relations, Naval Postgraduate School, Monterey, California, USA, 2014.
[11] Richard K.Bets, Enemies of Intelligence, Knowledge&Power in American National Security, Colombia University Press, New York, 2007.